**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**
**ДЕЛЧЕВО**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за реализирани активности од Годишната програма за 2023 година

**Февруари, 2024**

## 1. Вовед

Годишниот извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2023 година ги прикажува позначајните активности кои Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево ги реализираше во текот на 2023 година.

Општинскиот совет во рамки на своите надлежности и во наредниот период ќе продолжи да ги спроведува активностите и кампањите по насоките зададени од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и Годишната програма за работа на ОСБСП Делчево.

Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево беше формиран со Одлука на Советот на Општина Делчево со бр.09-1135/1 од 12.05.2023 година, а Годишната програма за работа беше усвоена од Советот на Општина Делчево со Заклучок бр.09-1413/1 од 01.07.2023 година. Активностите кои се наведени во овој Извештај се реализирани во периодот од месецот јули до крајот на месецот декември 2023 година.

## 2. Превентивни кампањи

### 2.1 Микромобилност и безбедно учество во сообраќајот

Врз основа на Планот за спроведување на кампањата „ Микромобилност и безбедно учество во сообраќајот“ во организација на Општина Делчево и Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, а во соработка со основните училишта „Св.Климент Охридски“ и „Ванчо Прќе“, детската градинка „Весели Цветови“, сообраќајната полиција, ЈЛБ Илинден, Центарот за култура „Никола Јонков Вапцаров“ беа реализирани неколку активности преку кои се вршеше промоција на овој начин на превоз за кратки патувања во населените места и унапредување на безбедната употреба на возилата за микромобилност преку едукација. Со оваа кампања беа опфатени следните активности:

1. На ден 21.09.2023 година на веб страницата на Општина Делчево беше објавено Известување за кампањата и одбележувањето на 22 Септември како Светскиот ден без автомобили со Повик граѓаните да го подржат овој ден и со личен пример и одговорност им покажат на најмалите учесници во сообраќајот дека патувањата на кратки реалции може да се извршуваат и со друг вид на превозни средства освен автомобилите,како на пр.велосипед,ел.тротинет или пешачење.Во истата објава беше потенцирано дека пешаците и корисниците на возила за мкромобилност припаѓаат во групата на ранливи учесници во сообраќајот и при тоа беше апелирано до возачите на моторни возила одговорно да учествуваат во сообраќајот и да се движат со зголемено внимание и намалена брзина покрај овие учесници во сообраќајот. Во завршниот дел на известувањето беа објавени правила и прописи согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата кои се однесуваат на возачите на велосипед, велосипед со мотор и електричен тротитинет како потсетување за учесниците во сообраќајот;

2. На ден 21.09.2023 година на веб страницата на Општина Делчево беше објавена Анкета – прашалник за употребата на возила за микромобилност каде идејата е граѓаните да учествуваат во анкетата и преку нивните одговори да се добие податок за нивните ставови во врска со употребата на овие возила за патувања на кратки растојанија. Прашањата кои беа употребени во анкетата како и резулатите од одговорите од граѓаните се детално наведени во Прилог 1 на овој извештај.
   Анкетата беше отворена 23 дена. Добиените резултати на спроведената анкета укажуваат на ставови преку кои можеме да се насочиме кон превентивното делување за безбедна употреба на возила за микромобилност, обезбедување на инфраструктура и подигнување на јавната свест за употребата на овие возила за

патувања на кратки растојанија. Но исто така укажуваат и на слабиот интерес на граѓаните за учество во ваков тип истражувања. Со оглед на фактот дека многу мал број на испитаници ја има пополнето анкетата овие ставови не можеме да ги сметаме за релевантни. Од тие причини се заклучува дека е потребно да се направи контролна анкета за истата тема за одреден временски период и тоа по спроведени активности од Програмата за односи со јавност и промоција на Општина Делчево со цел поголем број граѓани да ја пополнат анкетата за да се добие објективен и валиден резултат. *(Резутатите од Анкетата се достапни како Прилог 2 на овој Извештај).*

3. Во активностите кои беа организирани во градскиот парк во Делчево со почеток во 11:00ч учество земаа околу 200 учесници од детската градинка „Весели Цветови“ (претшколските групи), ООУ „Ванчо Прќе“ (од I до VII одделение), и ООУ „Св.Климент Охридски“(од I до VII одделение) и посетители на настанот, а беа опфатени следниве:

   - Возење на полигон за велосипеди за деца од V, VI и VII одделение;
   - Трка со тротинети за деца 5 – 6 год. (предшколска возраст) и III и IV одд.;
   - Едукативно катче каде е предвидено боење во боенки на тема „Микромобилност“ (предшколска возраст и I и II одделение);
   - Цртање на тема „Патувам безбедно со тротинет и велосипед“ (со креди и боички) предвидено за предшколска возраст и I и II одделение.

Оваа кампања беше реализирана користејќи ресуси на Општина Делчево (хартија, печатење, обезбедување на целни ленти, креди во боја итн.) и донации од фирмата Брегал (блокови, боички и бели креди), а наградите беа обезбедени од ЈЛБ Илинден Делчево.

Интересот за учество во оваа кампања беше доста голем со оглед на бројот на лица учесници во активностите и во иднина е планирано да продолжи да се реализира во рамки на Европската недела на мобилност со зголемен број на активности и со главна манифестација на 22 Септември - Денот без автомобили за што би било потребно и да бидат обезбедени дополнителни финансиски средства.

### 2.2 Кампања СЕ ДВИЖИМЕ БЕЗБЕДНО

Согласно утврдениот План за спроведување на кампањата за „СЕ ДВИЖИМЕ БЕЗБЕДНО“ на подрачјето на општина Делчево беа реализирани следниве активности како што следи:

1. На 03.11.2023 година (петок) до ЈКП Брегалница беше испратено известување со барање со бр.12-2183/3 од 03.11.2023 година преку кое баравме прочистување на вегетацијата од улиците, тротоарите и пешачките патеки по кои се движат деца – ученици и пешаци. Од доставениот извештај за извршена работа на Секторот – паркови и зеленило биле извршени следниве работи: на Булевар Македонија (кај менувачница Пресинг и крстосница со улица Скопска е извршено отстранување и обликување на дел од обраснатите зимзелени дрвја како и отстранување на исушени гранки). На пролазите за пешаци кај Панорама Уни банка, Карго, Бутик Елит, Пошта и раскрсница кај Божин дел од обраснатата вегетација и обраснати зимзелени дрвја беше обликувана, а дел отстранета.

2. На ден 06.11.2023 година (понеделник) се одржа сообраќајно едукативно предавање во ООУ„Ванчо Прќе“ на учениците од прво и второ одделение за основните правила и прописите кои се важни за нивната возраст со што официјално започна и

реализацијата  на оваа кампања. На предавањето присуствуваа од прво одделение 21 девојче и 25 момчиња и, а од второ одделение 16 девојчиња и 28 момчиња.

3. Истиот ден (06.11.2023) на веб страницата на Општина Делчево беше споделена информација за активноста со следниот Апел до возачите на моторни возила:  СЕ АПЕЛИРА ДО ВОЗАЧИТЕ НА ДЕЛОТ ОД ПАТОТ ИЛИ УЛИЦАТА КАДЕ СЕ ДВИЖАТ ДЕЦА ИЛИ СЕ ПОСТАВЕНИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ ЗА УЧЕСТВО НА ДЕЦА ВО СООБРАЌАЈОТ, ДА ВОЗАТ СО ОСОБЕНА ПРЕТПАЗЛИВОСТ И ПРИЛАГОДЕНА БРЗИНА ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ВОЗИЛАТОТО ВО СЛУЧАЈ НА ПОТРЕБА!

4. На ден 08.11.2023 година (среда) се одржа сообраќајно едукативно предавање во централното ООУ„Св.Климент Охридски“ на учениците од прво и второ одделение за основните правила и прописите кои се важни за нивната возраст. На предавањето присуствуваа од прво одделение 25 девојчиња и 17 момчиња, а од второ одделение 29 девојчиња и 25 момчиња.

5. На ден 15.11.2023 година (среда) се одржа едукативно предавање со нагледно предавање на улица на сите деца од претшколските групи (возарст од 5 и 6 години) во градинката Весели Цветови односно на предавањето присуствуваа 35 девојчиња и 31 момче.

6. На ден 16.11.2023 година, до образовните институции (детската градинка, основни училишта и средното општинско училиште беше испратено Известување бр.12-2183/4 од 16.11.2023 година со цел информирање на вработените лица во наведените институции да ги паркираат своите возила на паркирните места обезбедени во рамки на сопствените градежни парцели или на јавните паркиралишта, а не на улиците пред нивните институции.

7. На ден 17.11.2023 година (петок) беше реализрана активноста X. Контрола и едукација на возачите на тешки товарни возила кои транзитираат кон Граничен премин Делчево утврдена во Планот за спроведување на кампањата СЕ ДВИЖИМЕ БЕЗБЕДНО на подрачјето на општина Делчево со бр.12-2183/2 од 31.10.2023 година, во соработка со службените лица од Граничната полиција Елена Спасевска - помошник командир, Билјана Чичаковска – полициски службеник, Филип Николовски – полициски службеник од сообраќајната полиција и службениците од Општина Делчево: Биљанка Алексовска – самостоен референт за сообраќај, патишта и комунални дејности и член на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и Николина Петровска Мавродиева – виш соработник за сообраќај и патишта и член на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево. За време на оваа активност беа запирани тешките товарни возила кои транзитираат низ населените места Делчево и Ѕвегор при што беше разговарано со возачите на овие возила за почитување на ограничувањето на брзината во наведените населени места, беа информирани за постоење на основни општински училишта во непосредна близина на магистралниот пат А3 каде има зголемено движење на деца и пешаци, беа потсетени за последиците од неодговорното учество во сообраќајот со овој тип на возила, како и за целта на кампањата што се спроведува. На крај им беа доделени флаери со едукативна содржина. Во оваа активност за контрола и едукација на возачите на транзитни тешки товарни возила беа опфатени 6 возачи - машки лица.

8. На ден 20.11.2023 год. (понеделник) се одржа сообраќајно едукативно предавање во подрачното ООУ„Ванчо Прќе“ во селата Ѕвегор и Габрово со учениците од прво до петто одделение за основните правила и прописите кои се важни за нивната возраст. На предавањето во с.Ѕвегор присуствуваа 4 девојчиња и 3 момчиња, а во с.Габрово присуствуваа 4 девојчиња и 3 момчиња.

9. На ден 22.11.2023 год. (среда) се одржа сообраќајно едукативно предавање во подрачното ООУ„Св.Климент Охридски“ во селата Стамер и Град со учениците од прво до петто одделение за основните правила и прописите во сообраќајот. На предавањето во с.Стамер присуствуваа 5 девојчиња и 4 момчиња, во с.Град присуствуваа 7 девојчиња и 6 момчиња и 2 момчиња од подрачното училиште во с.Вирче.

10. На ден 24.11.2023 год. (петок) се одржа сообраќајно едукативно предавање во подрачното ООУ„Св.Климент Охридски“ во селата Trаботивиште и Разловци со учениците од прво до петто одделение за основните правила и прописите кои се важни за нивната возраст. На предавањето во с.Трaботивиште присуствуваа 9 девојчиња и 11 момчиња, а во с.Разловци присуствуваа 5 девојчиња и 9 момчиња.

11. На ден 04.12.2023 година во просториите на Дневниот центар во Делчево беше одржана работилница преку која корисниците на Дневниот центар преку едукативно предавање беа запознати со сообраќајната инфраструктура, правилата и прописите во сообраќајот кои, главно, се однесуваат на пешаците, сообраќајната регулација, опасни ситуации итн. Исто така, во делот на регулирањето на сообраќајот, со дидактички средства и преку игра, се запознаваа со сообраќајните знаци коишто се однесуваат на пешаците. Исто така, на работилницата беа емитувани и видеоспотови со цел безбедно учество во сообраќајот. На оваа работилница присуствуваа 12 лица од кои 3 женски и 9 машки.

12. На ден 21.12.2023 година (четврток) во конгресната сала во СОУ „Методи Митевски Брицо“ се одржа сообраќајно едукативно предавање за одговорно учество во сообраќајот со учениците од средното општинско училиште „Методи Митецски Брицо“ каде акцентот беше ставен на опасноста од употребата на паметните телефони (смартфони) при движењето како пешаци и последиците од сообраќајни незгоди со пешаци. На ова предавање присуствуваа 41 ученик (35 девојчиња и 6 момчиња). Присуството беше незадолжително со цел да се види колкав е интересот за оваа тема кај учениците.

13. Во текот на месеците октомври и ноември се изврши прибирање на индикатори кои беа насочени кон однесувањето на пешаците и возачите во близина на пешачките премини, а на 10-те посебно дефинирани локации. Резултатите се следниве:

   - пешаци кои преминале на пешачки премин: жени-191/девојчиња-135 вкупно 326, мажи-92/момчиња-129 вкупно 221, вкупно пешаци 547;
   - пешаци кои преминале надвор од пешачки премин: жени-86/девојчиња-24 вкупно 110 и мажи-98/момчиња-39 вкупно 137, вкупно пешаци 247;
   - возачи кои застанале пред пешачки премин за да пропуштат пешак: 64 возачи, од нив 17 се жени, а 47 се мажи;
   - возачи кои не застанале на пешачки премин за да пропуштат пешак: 58 возачи, од нив 3 се жени, а 55 се мажи.

14. По однос на точката VIII од Планот за вршење на контроли од страна на сообраќајната полиција за движењето на пешаците, но и со насочени контроли за брзината на движење на возилата по улиците кои ги користат учениците за патување кон училиштата (маршрутата на детските пешачки токови), согласно добините податоци од страна на Сообраќајната полиција за времетраење на капањата односно во месецот ноември за прекршокот брзина се санкционирани 118 лица (110-мажи и 8-жени) од кои 10 се упатени на сообраќајна поука за брзина, а 3 лица за прекршок што го прават пешаците, а во месец декември за прекршокот брзина се санкционирани 92 лица (85-мажи и 7-жени) од кои 7 се упатени на сообраќајна поука.

Сообраќајно едукативните предавања и работилницата ги спроведуваа Николина Петровска Мавродиева и Биљанка Алексовска од Општина Делчево и ОСБСП Делчево, а од страна на МВР ПС Делчево на дел од предавањата присуствуваше Марија Аџиска – инспектор за превенција и претставници на сообраќајната полиција.

Оваа кампања имаше за цел унапредување на безбедноста на пешаците со акцент на децата како пешаци во сообраќајот и се спроведуваше во месеците ноември и декември 2023 година. Идејата беше запознавање со правилата и прописите преку предавања и работилници во училиштата и дневниот центар, нагледни предавања на улиците и предавање за одговорно учество во сообраќајот како пешаци (опасности од употреба на сматфони при движење) за средношколците и контроли за возачите, односно преку едукација и контрола да се влијае на подигнување на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот.

За реализација на овие активности беа користени материјали обезбедени од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата од претходните години ( CD-Сообраќаен буквар 1; CD-Сообраќаен буквар 2; Презентација на веб порталот: www.semaforko.mk; Распореди за часови; Флаери за пешаци; и книга за деца - Правила за малите пешаци, а превозот до подрачните училишта беше обезбеден од страна на Општина Делчево.

## 3. Податоци, иницијативи и предлози

### 3.1 Компаративна анализа 2022 и 2023 година

Анализата на сообраќајните незгоди треба да помогне да се одговори на прашањата зошто сообраќајните незгоди се случуваат, која е причината за нивното настанување, кои се локациите каде најчесто се случуват, колкава е загрозеноста на различните учесници во сообраќајот, да го насочи дефинирањето на соодветната програма и мерките за поголема безбедност во сообраќајот кои треба да се преземат, но и да помогне во оценувањето на ефективноста на превземените мерки.

Во *Прилог 1* на овој Извештај е дадена Анализата на сообраќајните незгоди за подрачјето на општина Делчево за 2023 година.

Податоците беа обезбедени преку Министерството за внатрешни работи, Полициска станица од општа надлежност – Делчево, Полициско одделение за безбедност на патниот сообраќај Делчево.

Во оваа точка 3.1 компаративната анализа е направена со податоци за сообраќајни незгоди за годините 2022 и 2023 преку која индикаторите за безбедност на сообраќајот на патната и улична мрежа би ни дале појасна слика за причината на настанување на незгодите, местото на случување, учесниците во СН по старосни групи и последиците од сообраќајните незгоди.

Индикаторите за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2022 година покажуваат дека во текот на годината се случени 46 сообраќајни незгоди каде 11 лица се здобиле со тешки

телесни повреди, 15 лица се здобиле со телесни повреди, а кај 20 сообраќајни незгоди е предизвикана материјална штета.

Индикаторите за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 година покажуваат дека изминатата година се случиле 47 сообраќајни незгоди во кои 2 лица загинале, 5 лица се здобиле со тешки телесни повреди, 18 лица се здобиле со телесни повреди, а кај 22 незгоди е предизвикана материјална штета.

| **Индикатори за безбедност** | |
|---|---|
| **2022** | **2023** |
| **Причина за настанување на незгодата** | |
| страна и правец на движење - 21 | страна и правец на движење - 31 |
| брзина - 8 | брзина - 6 |
| дејствие со возило - 7 | првенство на минување - 4 |
| првенство на минување - 4 | дејствие до возило– 2 |
| останати - 5 | растојание помеѓу возилата – 2 |
| растојание помеѓу возилата – 1 | останати - 2 |
| **Место на случување** | |
| Магистрален пат А3 – 13 | Магистрален пат А3 – 9 |
| Р1302 Делчево - Пехчево – 6 | Р1302 Делчево - Пехчево – 7 |
| Р 2345 Делчево- Бигла– 3 | Р 2341 Делчево – Габрово – 2 |
| Л-8 Отклон А3 –Ралова Чука – Ветрен – 1 | Р 2343 Делчево – Голак – 1 |
| Булевар Македонија – 8 | Л-14 Отклон од Р1302 – Стамер – 1 |
| Ул.Глигор Прличев - 1 | Булевар Македонија – 6 |
| ул.Гоце Делчев - 1 | Ул.Методи Митевски Брицо – 4 |
| ул.Скопска – 1 | ул.Маршал Тито – 4 |
| ул.Методи Митевски Брицо - 1 | ул.Никола Јонков Вапцаров - 3 |
| Останати улици - 11 | ул.Индустриска– 2 |
| | ул.Орце Николов – 1 |
| | ул.Ѓорче Петров – 1 |
| | ул.Браќа Миладинови – 1 |
| | ул.Партизанска – 1 |
| | ул.Пијанечка – 1 |
| | ул.Кеј на ослободување – 1 |
| | ул.Светозар Марковиќ – 1 |
| **Учесници во сообраќајните незгоди по старосни групи** | |
| до 10 години – 0<br>10-20 - 0<br>20-30 - 3<br>30-40 - 12<br>40-50 - 4<br>50-60 - 7<br>над 60 -4<br>01 - 06.2022 – 20 лица (од 20 до 60 год.) | 0 - 14 години – 0<br>15-24 - 15<br>25-34 - 7<br>35-44 - 21<br>45-54 - 11<br>55-64 - 10<br>над 65 –12<br>НН лица - 2 |
| **Последици од сообраќајна незгода** | |
| Материјална штета - 20<br>телесна повреда - 15<br>тешка телесна повреда -11 | Материјална штета – 22<br>телесна повреда – 18<br>тешка телесна повреда – 5 |

| | |
|---|---|
| смрт - 0 | смрт – 2 |
| Број на случени незгоди – 46<br>на државен пат - 22<br>локални патишта – 1<br>улици - 23 | Број на случени незгоди – 47<br>на државен пат – 19<br>локални патишта – 1<br>улици – 27 |

Извор: МВР, ПС-ОН Делчево, ПО за БПС, 2022 и 2023

На државен пат во 2022 година се имаат случено 22 СН односно на магистралниот пат А3 - 13 и регионалните патишта Р1302 Делчево- Пехчево – 6 и Р2341 Делчево – Бигла – 3 додека во 2023 година на државен пат се имаат случено 19 СН односно на магистралниот пат А3 - 9 и регионалните патишта Р1302 Делчево- Пехчево – 7, Р2341 Делчево – Габрово – 2 и Р2343 Делчево – Голак – 1.

На локалните патишта во општина Делчево останува истата состојба односно бројот на случени сообраќајни незгоди во 2022 и 2023 е една сообраќајна незгода годишно.

На улиците во градот Делчево најголем број на сообраќајни незгоди во 2022 се имаат случено на Булевар Македонија - 8, а и во 2023 најголем број на сообраќајни незгоди се имаат случено на Булевар Македонија - 6, од каде може да се забележи дека има намалување за 2 сообраќајни незгоди во 2023 година.

Врз основа на податоците за причините за настанување на сообраќајните незгоди најголем број на сообраќајни незгоди се имаат случено заради непрописно држење на страна и правец при движење и тоа во 2022 – 21, додека во 2023 – 31 односно 10 незгоди повеќе.

Потоа втора причина за случување на СН е движење со неприлагодена брзина и тоа во 2022 - 8 сообраќајни незгоди, додека во 2023 – 6 при што се забележува намалување во 2023 година за 2 СН.

Во 2022 година како други најчести причини за настанување на сообраќајните незгоди се изведување дејствие со возило (7), непочитување на правото на првенство на минување (4), останати причини (5) и недржење на соодветно растојание помеѓу возилата (1), додека во 2023 година се непочитување на правото на првенство на минување (4), изведување дејствие со возило (2), недржење на соодветно растојание помеѓу возилата (2) и останати причини (2).

Од доставените податоци за 2022 година не може во целост да се изврши распределба на учесниците во СН по старосни групи бидејќи за првата половина од годината овие податоци беа доставени збирно односно беа евидентирани 20 учесници од 20 до 60 години, додека за втората половина од 2022 година најголем број учесници припаѓаат во групата од 30 до 40 години оносно 12. Во 2023 година може да се констатира дека од учесниците во сообраќајни незгоди најголем број се опфатени во старосната група 35-44 каде има 21 лице, потоа во групата млади лица 15-24 каде има 15 учесници, додека во групите: над 65 има 12 учесници, 45-54 има 11 учесници и во групата од 55-64 има 10 учесници.

Од досегашните анализи за бројот на случени сообраќајни незгоди на подрачјето на Општина Делчево за период од 5 години односно од 2019 до 2023 година најголем број на СН се имаат случено во 2023 и тоа 47, потоа во 2022 – 46, во 2021 – 44, во 2019 – 34, а во 2020 - 31.

### 3.2 Иницијативи

Најчестите иницијативи од страна на граѓаните во Делчево се однесуваат на поставувањето на технички средства за принудно забавување на сообраќајот кои бараат да бидат поставени на сите пофреквентни сообраќајници каде возачите најчесто се движат со брзина поголема од ограничената. Исто така се повеќе се доставуваат предлози за зголемување на бројот на паркиралишта на подрачјето на градот Делчево и обезбедување на зони училиште на сообраќајниците непосредно до училиштата.

Согласно позитивната регулатива од областа на сообраќајот овие препреки можат да се поставуваат на магистрални, регионални и локални патишта и улици во населените места на приодите кон училишта, детски установи, болници, спортски објекти и други места во близина на пешачки премин согласно прописите за безбедност во сообраќајот.

### 3.2 Препораки кои произлегуваат од Анализите и кампањите

За подобрување на оваа состојба со безбедноста во сообраќајот на патиштата и

улиците во општина Делчево од страна на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патишата Делчево се дефинирани следниве препораки:

- во сообраќајно превентивните кампањи да се стави акцент на старосните групи каде имаме најголем број на учесници во сообраќајни незгоди и кампањите да се планираат по целни групи согласно обработенте податоци;

- како дополнителна безбедносна мерка во сообраќајот за учениците кои своето патување кон училиштата го вршат преку магисталната улица Булевар Македонија препорачуваме активирање на сообраќајни патроли на граѓани и училишни сообраќајни единици кои ќе го обезбедуваат преминувањето на ученици преку оваа магистрална улица;

- Покрај физичките препреки неопходно е да се дејствува со кампањи за подигнување на јавната свест за последиците од управување со брзина поголема од дозволената посебно на локации каде веќе се случиле сообраќајни незгоди и на локации каде има реакции/ барања/ поплаки од граѓани за непочитување на поставената сигнализација или прекршување на одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и зачестени контроли од страна на полицијата на улиците каде согласно законската регулатива нема услови за поставување на ваков тип на препреки;

- Добиените резултати од спроведената Анкета за употребата на возила за микромобилност укажуваат на ставовите на граѓаните но исто така укажуваат и на слабиот интерес на граѓаните за учество во ваков тип истражувања. Од тие причини се препорачува да се направи контролна анкета за истата тема за одреден временски период и тоа по спроведени активности од Програмата за односи со јавност и промоција на Општина Делчево со цел поголем број граѓани да ја пополнат анкетата за да се добие објективен и валиден резултат;

- Интересот за учество во кампањата „Микромобилност и безбедно учество во сообраќајот“ беше доста голем со оглед на бројот на лица учесници во активностите и во иднина треба да продолжи да се реализира во рамки на Европската недела на мобилност со зголемен број на активности и со главна манифестација на 22 Септември - Денот без автомобили за што би било потребно и да бидат обезбедени дополнителни финансиски средства;

- Зголемување на бројот на наставни и вон-наставни училишни активности од областа на сообраќајното образование и воспитување на учениците согласно образовните програми на МОН во училиштата во Делчево;

- Да се извести ЈП за одржување на магистрални и регионални патишта за специфичното место м.в.Попов мост на Р1302 Делчево – Пехчево каде имаме евидентирани сообраќајни незгоди;

- Овозможување на финансиски средства за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата е неопходна и реална потреба за квалитетно и ефективно реализирање на сообраќајно – едукативните кампањи и активности, но и за мотивација на членовите на Советот кои одвојуваат време и труд за документација, податоци и анализи кои се основа за изработката на Годишните програми и Извешатите за реализирани активности на овој Совет.

## 4. Финансиски средства

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата го координира, одобрува и финансира реализирањето на задачите на Општинските совети преку Годишната програма за работа на Републичкиот совет. За реализираните активности согласно овој

Извештај финансирањето од страна Републичкиот совет беше преку овозможување на материјали како распореди за часови, флаери за пешаци, книга за деца - Правила за малите пешаци, Сообраќаен буквар 1 и 2 итн.

Материјалите за активностите беа обезбедени и од страна на Општина Делчево (боенки, печатени пораки, креди во боја, траки) како и превозот до подрачните училишта, а како донација од страна на делчевската фирма Брегал беа донирани една кутија бели креди, 10 блокови бр.5 и 6 кутии дрвени боички.

01.03.2024 година
Делчево

ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Билјана Прачкоска

Изработил:
Секретар на ОСБСП Делчево
Николина Петровска Мавродиева, дси

**ПРИЛОГ 1**

# АНАЛИЗА НА СООБРАЌАЈНИТЕ НЕЗГОДИ 2023 НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Анализата на сообраќајните незгоди треба да помогне да се одговори на прашањата зошто сообраќајните незгоди се случуваат, која е причината за нивното настанување, кои се локациите каде најчесто се случуват, колкава е загрозеноста на различните учесници во сообраќајот, да го насочи дефинирањето на соодветната програма и мерките за поголема безбедност во сообраќајот кои треба да се преземат, но и да помогне во оценувањето на ефективноста на превземените мерки.

Анализата е извршена врз основа на податоците за сообраќајни  незгоди кои се случиле во текот на 2023 година. Овој Извештај ги содржи основните податоци за состојбата со безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Делчево. Анализата е извршена на различните категории учесници во сообраќајот во однос на својството на учество и староста на учесниците. Исто така се прикажани распределбите на сообраќајните незгоди во однос на поединечни критериуми за анализираниот период односно за 2023 година.

Податоците беа обезбедени преку Министерството за внатрешни работи, Полициска станица од општа надлежност – Делчево, Полициско одделение за безбедност на патниот сообраќај Делчево.

## 1. Основни податоци за бројот на сообраќајните незгоди и нивните последици

За време на набљудуваниот период односно во текот на 2023 година на подачјето на општина Делчево се евидентирани вкупно 47 сообраќајни незгоди - СН, во кои учествувале 78 лица.




*График 1: Број на сообраќајни незгоди во општина Делчево во 2023 година*

Во текот на годината се евидентирани и две сообраќајни незгоди во кои 2 лица го загубиле животот. Со тешки телесни повреди се здобиле 7 лица, а со телесни повреди 33. Сообраќајните незгоди со загинати и тешко повредени лица изнесуваат 15% од вкупниот број незгоди.




*График 2: Број на учесници во сообраќајни незгоди во општина Делчево во 2023 година*

## 2. Старосна распределба на лицата во сообраќајни незгоди

Согласно распределбата на лицата кои учествувале во сообраќајни незгоди во зависност од старосната структура се исткакнува категоријата од 35 до 44 години.




График 3: *Распределба на лицата кои учествувале во сообраќајни незгоди во зависност од старосната структура во општина Делчево во 2023 година*

Наведената старосна категорија чини 27% од вкупниот број лица кои учествувале во СН во текот на 2023 година. Следна најзагрозена старосна категорија се лицата од 15 до 24 години која чини 19% од вкупниот број лица кои учествувале во сообраќајни незгоди.

Позитивен показател кој се воочува со претходно наведениот График 3 е тоа што во сообраќајните незгоди нема учесници – деца од старосната категорија од 0 до 14 години.

Ако детално се наблудуваат податоците за лицата кои учествувале во сообраќајни незгоди во текот на 2023 година во зависност од стрáросната структура, од Графикот 4 се

воочува дека најголемиот број тешко повредени лица припаѓаат на старосната категорија над 65 години. Лицата кои загинале исто така припаѓаат во возрасната категорија над 65 години. Најголем број лица со телесна повреда има во старосната категорија од 15 до 24 години.




*График 4: Распределба на лицата кои учествувале во сообраќајни незгоди во зависност од старосната структура, но и последиците*

### 3. Карактеристики на загинатите и повредените лица во сообраќајни незгоди

Возачите на моторни возила најмногу учествувале во сообраќајни незгоди ако се земе в предвид распределбата на лица по својство на учество во сообраќајот во 2023 година (График 5). Имено, возачите на моторни возила сочинуваат 88% од вкупниот број учесници во сообраќајните незгоди. Потоа следат учесниците во останати својства со 5% (возачи и патници на мопед, трактор, мобилна машина итн.) сопатниците во возило со 4% и пешаците со 3%.




*График 5: Распределба на лицата кои учествувале во сообраќајни незгоди во зависност од својството на учество во сообраќајот во општина Делчево во 2023 година*

Со оглед на тоа дека возачите на моторни возила се најзастапени спрема својството на учество во сообраќајот, извршена е нивна анализа во однос на старосната структура претставена во График 6. Од посочениот график може да се воочи дека најголем процент возачи припаѓаат во старосната група од 35 до 44 години (29%). Потоа следи старосната група на млади лица од 15 до 24 години со 19%, групата од 45 до 54 години е со 15% учество, од 55 до 64 години е со 14% учество, а пак групите од 25 до 34 и над 65 години се со учество од по 10%.




*График 6: Распределба на лицата кои учествувале во сообраќајни незгоди како возачи во зависност од старосната структура*

## 4. Распределба на сообраќајните незгоди во однос на местото на настанување

Врз основа на распределбата на сообраќајните незгоди спрема категоријата на пат или улица (График 7) се воочува дека најголем број на сообраќајни незгоди се случиле на улиците во населено место (57%), потоа на магистрален пат (21%) и на регионален пат (19%).



*График 7: Распределба на сообраќајните незгоди спрема категоријата на патот/улицата во општина Делчево во 2023 година*

Сообраќајни незгоди со загинати лица се забележани на улица (1) и регионален пат (1), а додека најмногу незгоди со тешко повредени лица се евидентирани на магистрален пат (4).




*График 8: Распределба на сообраќајните незгоди спрема местото на случување во општина Делчево во 2023 година*

Во однос на местото на случување на сообраќајните незгоди на подрачјето на општина Делчево во 2023 година 57% од незгодите се имаат случено на пат/улица во населено место, додека 43% се имаат случено на пат надвор од населено место.

## 5. Типови на сообраќајни незгоди по групи

Анализата на сообраќајни незгоди во однос на типот е прикажана на Графикот 9. Распределбата покажува дека најголем процент на сообраќајни незгоди на патната мрежа во општина Делчево во 2023 година припаѓаат во групата „сообраќајни незгоди со едно возило“ поточно 45% и во тие незгоди 2 лица го изгубиле животот.




*График 9: Распределба на сообраќајните незгоди во однос на типот на незгодата во општина Делчево во 2023 година*

Сообраќајните незгоди кои припаѓаат во групата „СН со најмалку две возила – со свртување или преминување“ имаат процент на застапеност од 36%, тие што припѓаат во групата „СН со најмалку две возила – без свртување“ имаат процент на застапеност од 15%, додека оние кои припаѓаат во групата „СН со пешаци“ имаат процент на застапеност од 4%.

## 6. Распределба на сообраќајните незгоди во однос на специфичното место на случување

Кога го анализираме специфичното место на настанување на сообраќајните незгоди на патната мрежа во општна Делчево во 2023 година најголем број сообраќајни незгоди се имаат случено на пат /булевар/улица – 81% и на тие локации 2 лица го загубиле животот. Поголем број незгоди е забележан и на крстосниците односно 11%, а на мост и паркинг се случиле по 4% од незгодите.



*График 10: Распределба на сообраќајните незгоди во однос на специфичното место на случување на незгодата во општина Делчево во 2023 година*

По однос на специфичните места 2 СН се случиле на м.в.Попов мост на Р1302 Делчево – Пехчево, а 5 сообраќајни незгоди се случиле на следнива крстосници: крстосница помеѓу ул.Орце Николов и Трст; крстосница помеѓу ул.Орце Николов и Методи Митевски Брицо“; крстосница помеѓу ул.Светозар Марковиќ и Индустриска; крстосница помеѓу Булевар Македонија и ул.Индустриска и крстосница помеѓу Булевар Македонија и ул.Скопска.

Најтешки последици се исто така во најголем број забележани на пат/булевар/улица каде се евидентирани 2 незгоди до загинати лица и 5 незгоди со тешко телесно повредени лица.

## 7. Распределба на сообраќајните незгоди по период на случување

Сообраќајните незгоди по периодот на случување можеме да ги распределиме според месецот во годината, денот во неделата и периодот во денот (часот на случување) како и светлосните услови. Од добиените податоци за сообраќајните незгоди според месецот во кој се случени имаме податок само за втората половина од 2023 година од каде се забележува дека најголем број СН се имаат случено во месеците јули и декември.




*График 11: Распределба на сообраќајните незгоди според месецот на случување на незгодата во втората половина на 2023 година во општина Делчево*

Според денот во кој се случиле, најголем број незгоди односно 23% се имаат случено во недела, 19% се случиле во петок, додека во деновите вторник, среда, четврток и сабота се случиле по 13% од незгодите. Во понеделник се имаат случено најмал број сообраќајни незгоди односно 6%.




*График 12: Распределба на сообраќајните незгоди според денот во кој се случиле во општина Делчево во 2023 година*

Според периодот во денот и светлосните услови 57% од незгодите се имаат случено преку ден, додека 43% се случиле во ноќни услови.




*График 13: Распределба на сообраќајните незгоди според периодот од денот во општина Делчево во 2023 година*

Според часот во кој се случени сообраќајните незгоди најголем број се евидентирани во периодот од 00,00 часот до 06,00 часот односно 28%, а потоа и во периодот од 14,01 до 16,00 часот кога се евидентирани 15% од незгодите. Во периодите од 16,01 до 18,00 ч. и од 18,01 до 20,00 ч. се забележува ист број на сообраќајни незгоди односно по 13%.




*График 14: Распределба на сообраќајните незгоди според часот на случување во општина Делчево во 2023 година*

## 8. Распределба на сообраќајните незгоди според атмосферските услови

Од распределбата на сообраќајните незгоди според атмосферските услови за време на случување на незгодата од Графикот 15 се воочува дека најголем број сообраќајни незгоди – 45% се случиле при сончево време. Податоците претставени во делот – останато кои изнесуваат 38% од вкупниот број незгоди се СН кои се случиле во ноќни услови.




*График 15: Распределба на сообраќајните незгоди според атмосферските услови за време на случување на незгодата во општина Делчево во 2023 година*

Кога ја анализираме состојбата на површината на коловозот можеме да забележиме дека најголем број сообраќајни незгоди кои сочинуваат 83% од вкупниот број незгоди се случиле на сув коловоз. На влажен коловоз се имаат случено 11% од вкупниот број сообраќајни незгоди. Најмал број незгоди е евидентиран на снежен коловоз 2%.




*График 16: Распределба на сообраќајните незгоди според состојбата на површината на коловозт за време на случување на незгодата во општина Делчево во 2023 година*

## 9. Присуство на алкохол кај возачите

Кога го анализираме присуството на алкохол кај возачите можеме да забележиме дека 68% од сообраќајните незгоди се случиле без присуство на алкохол кај возачите, додека кај 32% од незгодите возачот на моторното возило бил под дејство на алкохол помеѓу кои и една жена.




*График 17: Распределба на сообраќајните незгоди според присуство на алкохол кај возачите на моторните возила во општина Делчево во 2023 година*

## 10. Рапределба на сообраќајните незгоди според родовата припадност

Според родовата припадност на учесниците во сообраќајните незгоди можеме да забележиме дека во 21% од вкупниот број сообраќајни незгоди учествувале жени, во 75% од незгодите учествувале мажи, а во 4% од СН учествувале НН лица. Со повреди се здобиле 53% од вкупниот број учесници во СН од кои 4% биле жени, а 49% мажи.




*График 18: Распределба на сообраќајните незгоди според родовата припадност на учесниците во СН во општина Делчево во 2023 година*

**11. Распределба на сообраќајните незгоди според причините за настанување**

Кога ги анализираме причините за настанување на сообраќајните незгоди можеме да забележиме дека кај најголем број СН причината за настанување е недржење на страна и правец при движење и тоа кај 66% и при тоа биле повредени 18 лица, а 1 лице загинало; потоа е неприлагодената брзина со 13% од СН при што биле повредени 6 лица, а 1 лице загинало; следна причина е непочитување на правото на првенство на минување и тоа кај 9% од незгодите при што 8 лица биле повредени. Недржење на соодветно растојание помеѓу возилата, изведување дејствие со возило и останати причини се евидентирани со учество од по 4% од вкупниот број СН.




*График 19: Распределба на сообраќајните незгоди според причината за настанување во општина Делчево во 2023 година*

Во СН каде учествувале жени причина за настанување на СН се: недржење на страна и правец при движење – 5, потоа движење со неприлагодена брзина – 3, непочитување на правото на првенство на минување – 1 и не држење на соодветно растојание помеѓу возилата – 1.

## 12. Пресметка на релативни показатели

Релативните показатели за безбедноста на сообраќајот ни даваат податоци преку кои можеме да извршиме споредба на безбедноста во сообраќајот со другите градови или општини. Во оваа анализа се користени следниве релативни показатели: јавен пондериран ризик од страдање и сообраќајно пондериран ризик од повреда кои можеме да ги споредиме со оние кои беа пресметани во Стратегијата за безбедносот на патиштата за општина Делчево каде беа користени податоци од 2021 година.

Општина Делчево согласно податоците од 2023 година има јавна пондерирана вредност на ризик од 237 на 10 000 жители, додека согласно податоците од 2021 година јавната пондерирана вредност на ризик изнесуваше 241 на 10 000 жители.

Вредноста на сообраќајно пондерираната опасност од повреда согласно податоците од 2023 година изнесува 80, додека согласно податоците од 2021 година сообраќајно пондерираната опасност од повреда изнесуваше 81 на 1 000 регистрирани возила.

## 13. Клучни резултати

Преку извршената анализа на сообраќајните незгоди и нивните последици во 2023 година може да се истакнат апсолутните и релативни показатели за состојбата со безбедноста во сообраќајот, како и да се дадат правци за делување со цел унапредување на безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Делчево.

Како најзагрозени се истакнаа учесниците помеѓу 35 и 44 години кои имаат застапено учество во СН од 27%, но делувањето потребно е да се насочи и кон младите од 15 до 24 години бидејќи нивниот процент на учество на СН изнесува 19%. Врз основа на последиците од СН како најзагрозена група учесници се лицата над 65 годишна возраст со учество од 15% од кои 2 лица загинале, 3 се здобиле со тешки телесни повреди и 4 лица се здобиле со телесни повреди.

Возачите на моторни возила кои се на возраст помеѓу 35 и 44 години претставуваат нанебезбедна старосна категорија. Кога се гледаат тешките последици во најголем број се забележани кај возачите. Спрема местото на случување и категоријата на пат најмногу сообраќајни незгоди се случиле во населено место на улиците и тоа 57%.

Најзастепен тип на СН се оние во кои учествувало едно возило и тоа 45%, а најголем број незгоди во однос на специфичното место на настанување на незгодата се забележува на пат/булевар/улица со 81%.

Врз основа на периодот на случување одосно денот, најголем број незгоди 23% се имаат случено во недела, а според периодот во денот и светлосните услови 57% од незгодите се случиле преку ден. Согласно распределбата на СН според часот на случување 28% од СН се случиле во периодот од 00,00 до 06,00 часот.

Гледајќи ги атмосферските услови најголем број сообраќајни незгоди - 45% се случиле при сончево време, а според состојбата на површината на коловозот 83% од СН се имаат случено на сув коловоз.

Присуството на алкохол кај возачите е забележано кај 32% од незгодите.

Според родовата припадност на учесниците во 21% од сообраќајните незгоди учествувале жени, во 75 % од СН учествувале мажи и во 4% од СН учествувале НН лица. Со повреди се здобиле 53% од кои 4% жени и 49% мажи.

Како причина за СН која се истакнува во однос на другите е недржење на страна и правец при движење со процент на застапеност од 66%.

Од споредбата на податоците за јавната пондерирана вредност на ризик и сообраќајно поднерираната опасност од повреда 2023 и 2021 година може да се забележи дека има незначително намалување на вредностите.

**ПРИЛОГ 2**

# Резултати

## од спроведена Анкета за употребата на возила за микромобилност

Оваа Анкета беше предвидена за реализација во рамки на кампањата за „Микромобилност и безбедно учество во сообраќајот“ како посебна активност која беше наменета за крајните корисници на возилата за микромобилност (велосипеди, велосипеди со помошен мотор, електрични тротинети итн.).

Целта за спроведување на Анкетата беше преку добиените одговори на граѓаните на Општина Делчево да се види кои се ставовите во врска со употребата на овие возила за патувања на кратки растојанија.

Анкетата беше објавена и отворена на ден 21.09.2023 година на веб страницата на Општина Делчево и споделена на социјаните мрежи и беше достапна за пополнување се до 13.10.2023 година.

Во Анкетата беа опфатени следните прашања:

1. Пол – машки /женски
2. Возраст
3. Како патувате на пократки растојанија до 3 км? Наведете го превозното средство:
4. Дали пешачите? Да/Не, ако одговорот е Не да се наведе зошто:
5. Дали поседувате велосипед, велосипед со мотор или ел.тротинет? Да /Не, ако е Да да се наведе кое:
6. Колку често возите велосипед/ел.тротинет? Често (секојдневно), не многу често (1-2 пати неделно), ретко (1 месечно), никогаш
7. Дали користите заштитен шлем (кацига) кога возите велосипед/ел.тротинет? Да/Не, ако е Не да се наведе зошто:
8. Дали користите заштитен рефлектирачки елек во ноќни или услови на намелена видливост? Да /Не, а ко е Не да се наведе зошто:
9. Што Ве спречува да возите велоспед/ел.тротинет за кратки патувања? Да се наведе:
10. Што би ве поттикнало да користите велосипед/ел. тротинет за кратки патувања? Да се наведе:
11. Што треба Општина Делчево да превземе за поактивно учество на граѓаните при користење на алтернативните превозни средства на кратки релации?

1. Бројот на прегледи на објавената Анкета на веб страницата изнесува 243, додека бројот на лица кои ја пополниле Анкетата изнесува 13, што значи дека само 5% од лицата кои ја

имаат прегледано објавата ја пополниле Анкетата, од кои 92,3% се женски, а 7,7% се машки.




2. Од лицата кои ја пополниле Анкетата 53,8% се на возраст од 41 до 60 години, 30,8% се на возраст од 21 до 40 години и 15,4% се на возраст до 20 години.




3. На прашањето: Како патувате на пократки растојанија до 3 км? - каде беше потребно да се наведе превозното средство 8 лица од испитаниците одговорија дека користат автомобил, а 5 одговорија дека пешачат.




4. На прашањето: Дали пешачите? - каде беше потребно да се наведе и причината доколку одговорот е НЕ, 69,2% одговориле дека пешачат, а 30,8% одговориле дека не пешачат притоа наведувајќи ги следниве причини: премногу обврски, недостаток на време и навика и здравствени причини.




5. На прашањето: Дали поседувате велосипед, велосипед со мотор или електричен тротинет? - каде беше потребно да се одговори со ДА или НЕ и доколку одговорот е Да да се наведе типот на превозното средство, 30,8% одговориле дека не поседуваат, а 69,2% одговориле дека поседуваат и при тоа ги навеле следниве возила: велосипед и тротинет.




6. На прашањето: Колку често возите велосипед/електричен тротинет? 53,8% одговориле дека никогаш не возат, а 30,8% одговориле дека ретко возат, 7,7% одговориле дека не возат многу често и 7,7% одговориле дека често односно секојдневно возат велосипед или електричен тротинет.




7. На прашањето: Дали користите заштитен шлем (кацига) кога возите велосипед/електричен тротинет? - каде беше потребно да се одговори со ДА или НЕ и доколку одговорот е НЕ да се наведе зошто, 7,7% одговориле дека користат, а 92,3% одговориле дека не користат и при тоа ги навеле следниве причини: не поседуваат заштитен шлем (кацига) и не им е потребен.




8. На прашањето: Дали користите заштитен рефлектирачки елек во ноќни или услови на намелена видливост?- каде беше потребно да се одговори со ДА или НЕ и доколку одговорот е НЕ да се наведе зошто, 7,7% одговориле дека користат, а 92,3% одговориле дека не користат и при тоа ги навеле следниве причини: не возат ноќно време, не поседуваат и не возат велосипед.




9. На прашањето: Што Ве спречува да возите велоспед / електричен тротинет за кратки патувања? – каде беше потребно да се наведе причината, беа добиени следните одговори:




10. На прашањето: Што би ве поттикнало да користите велосипед/електричен тротинет за кратки патувања? - беа добиени следните одговори:




11. На прашањето: Што треба Општина Делчево да превземе за поактивно учество на граѓаните при користење на алтернативните превозни средства на кратки релации?- беа добиени следните одговори:




ЗАКЛУЧОК

Добиените резултати на спроведената анкета укажуваат на ставови преку кои можеме да се насочиме кон превентивното делување за безбедна употреба на возила за микромобилност, обезбедување на инфраструктура и подигнување на јавната свест за употребата на овие возила за патувања на кратки растојанија. Но исто така укажуваат и на слабиот интерес на граѓаните за учество во ваков тип истражувања.

Со оглед на фактот дека многу мал број на испитаници ја има пополнето анкетата овие ставови не можеме да ги сметаме за релевантни. Од тие причини се заклучува дека е потребно да се направи контролна анкета за истата тема за одреден временски период и тоа по спроведени активности од Програмата за односи со јавност и промоција на Општина Делчево со цел поголем број граѓани да ја пополнат анкетата за да се добие објективен и валиден резултат.